СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

**Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Прилеп**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Прилеп.
Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Прилеп.

Во однос на ЛЕАП-от општината има донесено ЛЕАП кој е веќе истечен (2003-2008), не е формирано тело за следење на имплементацијата на ЛЕАП-от.

Активностите кои произлегуваат од Законот за животна средина а кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи се спроведуваат од страна на општината, општина Прилеп има издадено 31 (триесет и една) Б-интегрирана еколошка дозвола, и 5 (пет) дозволи за усогласување со оперативен план, исто така има предмети кои се во постапка, административен капацитет за водење на оваа постапка има.
Надворешен план за вонредни состојби е донесен.

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека во општина Прилеп се одвива постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Во 2019 година постапено е по 36 елаборати, додека во 2020 година има одобрено 3 елаборати, а за останатите 7 постапката е во тек. Административен капацитет за водење на оваа постапка има. Се води регистер на одобрени елаборати.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Административен капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на БИЕД е службеник Кире Богески со овластување бр. 08-844/1 од 07.04.2008 година.
Административен капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на елаборати е службеник Камелија Крстевска со овластување бр. 03-1640/1 од 06.07.2020 и Цветанка Магдеска со овластување бр. 08-2573/1 од 25.11.2015 година.
Должноста овластен инспектор за животна средина ја извршува Цветанка Николоска со решение бр. 04-1316/1 од 22.06.2015 година.

Општината нема договор за меѓуопштинска соработка.

Општината Прилеп има донесено план за управување со отпад на 19.11.2016 година и програмата за управување со отпад во 2020 година. Општината нема предвидено локации каде би се изградиле претоварни станици. Не е подготвен консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности во делот управување со отпад. Има пропишано посебни правила за постапување со отпад содржани во програмата за управување со отпад. На територијата на општината функционира ЈКП Комуналец кој врши собирање и транспорт на отпад. Инертниот отпад се третира и отстранува на депонијата Алинци. Нема информативен систем на локално ниво со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со отпадот.

Во однос на бучавата Општината Прилеп нема активности, сепак, при издавање на одобренија за градба, параметрите за влијанија врз животната средина се утврдуваат преку одобрени елаборати за заштита на животната средина или студија за оцена на влијание врз животната средина.

Општина Прилеп поседува Дозвола за Пречистителна станица за урбани отпадни води за град Прилеп и за пречистителните станици во населени места Канатларци и Големо Коњари. Изработен е проект ”Ободен канал за атмосферски води во КО Варош” и “План за заштита и спасување од поплави, кој е составен дел од надворешен план за вонредни состојби”. Исто така во општината има ЈКП Водовод и Канализација за водоснабдување и снабдување со вода за пиење,

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ
РАБОТИ

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина се спроведуваат, има обучен административен капацитет за вршење на овие надлежности, сепак потребно е зајакнување со уште е еден или двајца вработени во овој сектор, со оглед на обемот на работата од областа на животната средина која го има оваа општина. Исто така потребно е формирање на функционално Одделение за животна средина каде ќе бидат веќе обучените кадри а кои моментално некои од нив со опис и попис се наоѓаат на други работни места.

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

Скопје, 29.09.2019 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk